Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 09.06.2023

На 08.06.2023 во 10.00 часот, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Г.П.(40) од Струмица. Тој се сомнини дека ноќта на 30/31.05.2023 извршил четири кривични дела „тешка кражба" во автомобил и апарати за кафе на подрачјето на Струмица, при што одзел пари и други предмети. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени дел од предметите и алат кој го употребувал при вршење на делата. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случаите против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.06.2023 полициски службеници од Одделението за криминалистичка полиција при СВР Битола го лишиле од слобода К.Ј.(26) од Битола. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени пиштол „јоракс", даде ранки за пиштол и 48 куршуми. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава. Вчера, исто така, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола од слобода го лишиле В.А.(43) од Битола. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени муниција и предмети кои потекнуваат да тешка кражба извршена на 02.06.2023 од страна на неговите малолетни деца. Со нив бил извршен службен разговор во полициска станица, при што го признале делото. По целосно документирање на случајите против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 08.06.2023 во 08.00 часот во с.Ташмаруништа, струшко, полициски службеници од Полициската станица Струга го лишиле од слобода С.Н.(68) од с.Ташмаруништа. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени 71 куршуми од различен калибар и една воздушна пушка. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.06.2023 во 03.30 часот во с.Петровец, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Х.В.(39) од Скопје бидејќи кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.06.2023 во 17.00 часот на подрачјето на Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.С.(33) од Скопје бидејќи кај него биле пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 08.06.2023 во 21.10 часот на улица „Благоја Тоска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ја лишиле од слобода А.А.(22) од Тетово затоа што кај неа била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.06.2023 во 22.30 часот на улица „Никола Парапунов" во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар лишиле од слобода малолетник од Гостивар затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.06.2023 во 01.45 часот, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Б.Е.(22) од Република Косово, со живеалиште во Тетово, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (08.06.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 165 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 25 санкции, 10 мерки за возење без возачка дозвола, осум санкции за прекршоци кои ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон при возење, шест санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), осум мерки за непочитување на правенство на минување, пет санкции за непропишо пречистрување на возила...

На 08.06.2023 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на територијата на СВР Битола била спроведена акциска контрола за возачи кои прават прекршок при правенство на минување, при што санкционирани се 13 возачи . На сите прекршители им биле изготвени соодветни поднесоци.

На 07.06.2023 во 15.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Гвадалахара" во Скопје, патничко возило „цитроен ц4" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.К.(24) од Скопје, удрил во малолетен пешак од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 08.06.2023 во 09.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Партизански одреди" во Скопје се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „форд" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.Г.(58) од Скопје и момед со скопски регистарски ознаки, управуван од С.Т.(30) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 08.06.2023 во 19.10 часот во СВР Струмица било пријавено дека на локален пат помеѓу селата Ејноќучево и Моноситово, струмичко, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „лежо 307" со струмички регистарски ознаки, управувано од М.Б.(29) од село Ејноќучево и возило на ВМ регистарски ознаки, управуван од 17 – годишник од село Ејноќучево. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот, констатирани во Медицинскиот центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 08.06.2023 во ВОР Росен, С.Т.(63) од Росен пријавила дека на ул.„29 Новембри" во Росен била касната од куче скитник .

Денеска (09.06.2023) во 08.40 часот во ОВР Неготино било пријавено дека на автопатот А1, кај тунелот Т1 на делницата Гевгелија – Неготино, патничко возило „фолксваген" со неготински регистарски ознаки, управувано од Т.Л.П.(47) од Неготино, изгубило контрола и се превртело. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила Т.Л.П. и била пренесена во Општа болница Кавадарци, каде ден околу 10.00 часот починала. По наредба на Јавен обвинител телото на починатата било дадено на одбукција, а увид на местото извршила екипа од ОВР Неготино.

Полициски службеници од ЕВР Горче Петров при СВР Скопје, денеска (09.06.2023) во Скопје го лишија од слобода П.Ј.(32) од Скопје поради основи на сомнение дека денеска околу 09.00 часот се обидел да изврши разбојништво во спортска обложвалница во с.Волково, скопско. Кај П.Ј. е пронајден пластичен пиштол и облеката што ја користел при вршење на кривичното дело. П.Ј. се сомнини и за други извршени разбојништва на подрачјето на Скопје. Тој е приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, во координација со надлежен јавен обвинител, ќе биде поднесена кривична пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово, до Основното јавно обвинителство Кочани поднесе кривична пријава против Љ.С.(61) од Берово, Т.Ч.(49) од С.Мачево, беровско и В.Ц.(39) од С.Русиново, беровско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службена положба и овластувања", „фалсификување службена исправа" и „кражба". Во периодот од јули 2021 година до октомври 2022 година, прво и второпризвинот, вработени во ЈП „Водовод-отпадни води" – подружница „Малешево" – Берово, му овозможиле на третопризвинот да изврши сеча, дотур и превоз на дрвна маса од парцели во приватна сопственост, со цел направен вкупна материјална корист од 3.306 446 денари.

На 08.06.2023 во 18.50 часот на улица „НА" во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода Ц.Ф.(28), Ј.И.(26), Е.Е.(23), С.Д.(31) и еден малолетник, сите од Скопје. Тие биле затекнати при товарање предмети во товарно возило со скопски регистарски ознаки, кои ги земале од магацин, кој го користела спортска обложвалница. Во врска со настанот, во 23.30 часот во Тетово, од слобода бил лишен и Е.П.(33) од Република Албанија, со регулиран престој во Гостивар, кој, според пријавено, ги внаграбил лицата да ги земат предметите од магацинот на обложвалницата, без знаење на М.У.(37) од Гостивар, кој му бил партнер во обложвалницата. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно расчистување и документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.06.2023 во гостиварско Врапчиште, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле од слобода М.Ч.(33) од Република Турција. При претрес во куќа во содејство со Државен санитарен и здравствен инспекторат, која ја користел како ординација за надлекарство, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени поголема количина на таблети, медицинска документација, пари и друг предмет. Лицето било задржано во полициска станица и по расчистување и документирање на случајот, против него ќе биде изготвен соодветен поднесок.

На 08.06.2023 во 23.45 часот во близина на граничната линија со Република Грција, полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Југ го затекнале грчкиот државјанин В.П.(54), кој нелегално ја преминувал државната граница. При преглед во неговите торби била пронајдена и одземена поголема количина различни видови цигари без документација. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (08.06.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 169 возачи. Од нив шест возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа 108 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 61 надвор од населено место.

Во текот на вчерашниот ден (08.06.2023) во периодот од 07.00 до 12.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои не даваат правенство на минување на крстосница на територијата на Република Северна Македонија, при што санкционирани се 55 возачи. Од нив, 14 на територијата на СВР Тетово, 13 на територија на СВР Битола... При контролата санкционирани се и 164 други видови на сообраќајни прекршоци.

На 08.06.2023 околу 23.00 часот во СВР Охрид било пријавено дека на паркинг на ул.„Караорман" во Охрид, две лица физички и со метални предмети го нападнале С.Д. од Охрид. С.Д. бил пренесен во специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.06.2023 во 19.45 часот во СВР Скопје, М.Ц.(43) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Бит Пазар да зататкано зрно било оштетено неговото патничко возило „цитроен" со скопски регистарски ознаки. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.06.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 13 прекршоци, од кои 10 во населено место и 3 надвор од населено место. Санкционирани биле и 28 других видови на прекршоци, од кои 9 за управување возило без возачка дозвола, 1 за непочитување правенство на минување, 1 за недавање правенство на минување на пешаци, 1 за возач почетник, 5 за некористење сигурносен појас, 2 за користење мобилен телефон, 2 за некористење заштитна кацига и 7 за непропишо паркирање.
На 08.06.2023 во 22.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложвалница на ул. „Франц Прешерн" во Скопје, едно лице со закана кон вработените одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.06.2023 во периодот од 07.00 до 12.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола за санкционирање на прекршоците за правенство на минување. Притоа, биле санкционирани 14 прекршоци (ТЕ-12 и ГВ-2) на кои поголемиот број биле за непочитување на возачи кои се движи на пат со правенство на минување 8 возачи (ТЕ-6 и ГВ-2). На прекршителите им биле изготвени соодветни платни налози. Исто така, во текот на оваа акциска контрола биле констатирани и 10 останати прекршоци (ТЕ-9 и ГВ-1).

На 08.06.2023 во 15.00 часот, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Д.Ј.(45) од велешко село затоа што во семејниот дом со остар предмет упатил закани на неговата сопруга. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 08.06.2023 во 20.26 часот во СВР Куманово било пријавено дека на наплатна рампа Романовце неколку малолетници фрлале тврди предмети кон автобус со струшки регистарски ознаки, во кој се превезуваше членови на младинска екипа на фудбалски клуб. Притоа, бил оштетен автобусот, а повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.06.2023 во 21.30 часот во СВР Скопје, Е.Ѓ.(27) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Горно Лисиче, по претходно недоразбирање, била физички нападната од С.С.(36) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.06.2023 во 18.40 часот во СВР Скопје, Т.К.(45) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Радишани, по претходно недоразбирање во сообраќајот, била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.06.2023 во 13.00 часот во Полициската станица Кичево, од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека од установата - Влае 3 се одалечила ниванта штитеничка И.П.(17), која и претходно се одалечувала и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 08.06.2023 во 21.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложвалница во населба Чепто во Скопје, едно лице со закана кон вработениот одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против П.К.(25) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". На 20.05.2023 во село Возарци, пријавениот со метален и остар предмет предмет го нападнал Д.Д.(48) и му одзел пари и мобилен телефон.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.И.(39) од село Слатино поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 22.12.2022 во Тетово, полициски службеници го забележале пријавениот како се патничко возило исфрлил пакување со марихуана, која набрзо била пронајдена и одземена.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Ј.М.(33) од село Желино поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 09.06.2022 на регионалниот пат село Желино - село Грутчин, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.
На 09.06.2023 во 02.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложвалница на ул.„Горче Петров" во Скопје, едно лице со закана кон вработените одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Ј.(29) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 28.12.2022 во Тетово, полициски службеници пронашле чанта со околу 700 грама марихуана, која била на пријавениот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.В.(39) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 21.11.2022 на експресниот пат Штип-Велес, кај населбата „Три Чешми", полициски службеници извршиле преглед на патничко возило „сеат", кое го управувал Р.С., при што пронашле и одзеле марихуана и кокаин, кои пријавениот ги набавил и му овозможил на Р.С. да користи од них.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против турскиот државјанин З.Х.(50) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 04.06.2023 на Граничниот премин „Деве Баир", пријавениот на увид приложил фалсифицикуван зелен картон за товарното возило кое го управувал.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.А.(62) од село Голема Речица поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 23.12.2022 во Тетово, полициски службеници го затекнале пријавениот како со патничко возило „форд транзит" врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.